# УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ

Овие услови за користење содржат информации во врска со вашите права и обврски при користење на апликацијата, односно содржи информации за условите под кои се користи, ограничувањата и исклучоците.

## Ве молиме, прочитајте ги внимателно.

Вашиот пристап до апликацијата ќе биде дозволен доколку ги исполнувате генералните и специјалните услови за да ја користите апликацијата.

Не ги исполнувате условите, доколку:

1. Не ги прифаќате овие Услови за употреба (генерален услов);
2. Забранет ви е пристапот или користењето на апликацијата од страна на позитивните законски прописи (специјален услов).

Овие Услови за користење претставуваат Договор помеѓу:

1. Друштво за информатички технологии и консалтинг КОНЦЕПТИВА ДИГИТАЛ ДОО Скопје, со седиште на ул. 11-ти Октомври бр. 24-12 Скопје – Центар, со ЕМБС 7400616, со ЕДБ 4080019586756 (во понатамошниот текст како Ние, Нас или Друштвото) и
2. Вие како корисници на апликацијата (во понатамошниот текст како Вие или Корисникот).

Со користењето на нашата апликација, вие се согласувате и ги прифаќате овие Услови за користење.

Доколку не се согласувате со овие Услови за користење, не можете да ја користите нашата апликација.

Овие Услови за користење се јавно и лесно достапни и Корисникот може во секое време да се информира за одредбите на овие Услови за користење. Се смета дека Корисникот кој континуирано ја користи Апликацијата е запознаен во целост со овие Услови за користење.

## § СОПСТВЕНОСТ

Сопственик на апликацијата е Друштво за информатички технологии и консалтинг КОНЦЕПТИВА ДИГИТАЛ ДОО Скопје.

Со користењето на нашата апликација, вие се согласувате дека апликацијата е во сопственост на КОНЦЕПТИВА ДИГИТАЛ ДОО Скопје и вие како корисници на апликацијата не полагате право на сопственост врз истата.

Вие се согласувате да не ги менувате, отстранувате и прикривате известувањата поврзани со сопственичи права (авторски право и право на трговска марка) што можат да бидат содржани на апликацијата.

Содржина што е вклучена при инсталација на апликацијата и е интергрален дел на апликацијата, како концепт, текст, графики, лого, слики, податоци и софтвер е во целосна и ексклузивна сопственост на КОНЦЕПТИВА ДИГИТАЛ ДОО Скопје.

# § ПРАВО НА КОРИСТЕЊЕ

Преку креирање на вашиот кориснички налог, вие добивате право на користење на апликацијата.

Тоа значи дека добивате лимитирана, лична, не пренослива, не ексклузивна лиценца да ја користите апликацијата во согласност со овие Услови на употреба и Политиката на приватност.

# § ОДГОВОРНОСТ

Соодветно со овие Услови за употреба, вие се согласувате дека нема да ги репродуцирате, дуплирате, копирате, препродавате или тргувате со било кој дел од апликацијата.

Вие гарантирате дека нема да се обидувате или помагате на други да го откријат изворниот код на софтверот.

Вие се согласувате дека ќе ги почитувате сите позитивни законски прописи во врска со употребата на апликацијата.

Вие сте одговорни за прекршување на овие Услови за употреба доколку вие или на некоја трета страна и овозможите да ја користи апликацијата. Исто така вие сте одговорни доколку ги прекршувате законските одредби кои што се применуваат на апликацијата.

Со користењето на апликацијата, вие признавате дека апликацијата ви е достапна без никакви гаранции односно користењето на апликацијата е на ваш ризик.

Не смеете да ја користите апликацијата за:

- Складирање, споделување, копирање, дистрибуција или праќање на содржина што е навредлива, дискриминирачка, груба или неприфатлива, нарушувајќи ја приватноста на другите;
- Собирање или користење лични податоци без согласност на сопственикот на податоците, доколку е забрането со позитивните законски прописи;
- Нарушување на било кој друг начин на системи, мрежи, софтвер, да праќате вируси или навлегување во изворниот код на апликацијата со цел преоптоварување или пренаменување на содржината на апликацијата;

- Доставувате, обработувате или чувате лични податоци за тестирање или за лични потреби;
- Прикажување на материјал што ги експлотира децата;
- Пренесување на внатрешни, заштитени, доверливи информации или откриени како дел од работни односи според договори за неоткривање на деловна тајна;

Вие се согласувате:
- Да ја користите апликацијата согласно позитивните законски прописи;
- Да ја користите апликацијата исклучиво за целите за што е наменета;
- Дека апликацијата може да содржи линкови до други страници на Интернет, кои се во сопственост и управувани од трети сопственици и други трети страни. Сопственикот на апликацијата не е одговроен за достапноста или материјалите лоцирани на тие линкови;

Вие се согласувате дека со пристапување до линковите што ќе се појават на апликацијата кои што се навредливи, штетни, заканувачки или непристојни, сопственикот не сноси одговорност за истото.

## § ГАРАНЦИИ

Сопственикот не гарантира дека:
- Апликацијата ќе ги исполни вашите барања;
- Апликацијата ќе биде без грешки (bugs);
- Сите грешки ќе бидат корегирани;
- Квалитетот на апликацијата ќе ги исполни вашите очекувања.

## § ВАЖЕЧКО ПРАВО

Сите спорови и несогласувања кои ќе произлезат од или се поврзани со користењето на апликацијата ќе се решаваат спогодбено преку преговори, во спротивно споровите ќе се решават пред Основен граѓански суд Скопје.

## § ИЗВЕСТУВАЊА

Адреса на друштвото: ул. 11-ти Октомври бр. 24-12 Скопје – Центар.
Лице за контакт: Калина Трајаноска
Е-маил за контакт: kalina@konceptiva.com

Според овие Услови за употреба, сите известувања ќе бидат доставени во писмена форма и ќе се сметат за соодветно доставени доколку се дадени лично на нашата адреса, со заверка, препорачена пошта, преку курир или електронски на е-маилот наведен во оваа одредба.

## § ПРЕСТАНОК

Во секое време може да го прекинеме користењето на апликацијата со исклучување на истата и забранување на пристап до апликацијата без претходно известување или одговорност според наше дискреционо право доколку се направи повреда на Условите на користење или Политиката на приватност.

Доколку сакате да ја прекинете вашата сметка, можете едноставно да прекинете со користење на апликацијата.

Доколку сакате бришење на корисничкиот налог и личните податоци кои што се содржани, ве упатуваме да ја прочитате нашата Политика на приватност.

## § СУГЕСТИИ И ИДЕИ

Ве охрабруваме да ни испратите сугестии и идеи за подобрување на апликацијата и корисничкото искуство на нашата е-маил адреса.

Доколку испратите било какво прашање, коментар, предлог, идеа или информации во врска со апликацијата, ќе ни дадете неограничена употреба и споделување на овие информации за која било цел без признание или компензација за вас.

Ние нема да откриеме никакви лични информации поврзани за ваквите сугестии и идеи во согласност со нашата Политика на приватност, освен со лична согласност од вас.

## § МОДИФИКАЦИЈА НА АПЛИКАЦИЈАТА

Ние го задржуваме правото да менуваме или да прекинуваме кој било или сите делови на апликацијата со или без причина во било кое време веднаш и ефективно. Друштвото нема да биде одговорно пред вас или пред трето лице за прекин на апликацијата.

Доколку се спротивставувате на какви било измени во апликацијата или станете незадоволни од истата на било кој начин, можете да го прекинете користењето на апликацијата.

## § ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИ

Ние ќе ги чуваме и обработуваме вашите податоци што произлегуваат од употреба на апликацијата согласно законските прописи и регулативи за чување на лични податоци.

Корисникот со ова го одобрува чувањето и обработувањето на личните податоци.

Со ова се согласуваме дека нема незаконски да ги обработуваме или менуваме на било кој начин личните податоци кои што ќе произлезат од користење на апликацијата.

За начинот како ги собираме и обработуваме личните податоци, ве молиме да ја прочитате нашата Политика за приватност.

## § ВИША СИЛА

Сопственикот нема да се смета за одговорен за функционирањето на апликацијата во согласност со овие Услови на употреба, до степен до кој истото е предизвикано или одложено, делумно или целосно како резултат на настан или серија на настани кои се предизвикани од:

- временски непогоди или други дејствија на природата или виша сила, војна; тероризам, граѓански нереди или револуции;
- ембарго или карантин;
- штајкови;
- грешка или прекин на компјутерски хардвер, мрежи или софтвер.

Апликацијата може да биде привремено недостапна од време на време заради други причини. Друштвото не презема никаква одговорност за каква било грешка, пропуст, бришење, дефект, доцнење на работењето или преносот, откажување на линијата и др.

## § РАЗНО

Неуспешноста на друштвото да ги искористи или спроведе сите права или одредби од овие Услови за користење нема да претставува откажување од таквите права или одредби.

Секое откажување од било кое право од овие Услови за користење ќе биде ефективно само доколку биде дадено во писмена форма и е потпишано од друштвото.

Овие Услови за користење се регулирани врз основа на позитивните законски прописи на Република Северна Македонија.

Сите промоции кои што се достапни преку апликацијата може да се регулираат со правила кои што се одделени од овие Услови за користење. Доколку учествувате во било какви промоции, прочитајте ги важечките правила како и нашата Политика на приватност.

# § ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Апликацијата е сопственост на Друштво за информатички технологии и консалтинг КОНЦЕПТИВА ДИГИТАЛ ДОО Скопје, со седиште на ул. 11-ти Окомври бр. 24-12 Скопје – Центар, со ЕМБС 7400616, со ЕДБ 4080019586756.

Со користењето на апликацијата, Корисникот се согласува на овие Услови за користење во целост и со *Политиката на приватност* која му е достапна ТУКА.